# ПЛАНИРАЊЕ НА НАСТАВАТА ПО ГРАЃАНСКО ОБРАЗОВАНИЕ ЗА VII ОДДЕЛЕНИЕ

# СПОРЕД НАСТАВНАТА ПРОГРАМА

Септември 2025

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **Сценарио за час** | | | **Предмет: Граѓанско образование за VII одд** | | |
| **Тема: ЕТИКА И МОРАЛ** | | | | | |
| **Наставна единица: Морално и неморално однесување /Морални норми** | | | | **Еко час** | |
| **Изготвил:** д-р Пеце Трифуновски | | | | | |
| **Адаптирал:** | | | | | |
| **содржини (и поими)** | **стандарди за оценување** | **часови и дата на реализација** | **сценарио за часот** | **средства** | **следење на напредокот** |
| **Етика и морал (Основно етички категории: добро, зло; морални вредности: еднаквост, чесност, емпатија, одговорност, скромност, праведност, доследност; хуманост; морална дилема; морално однесување; морални норми, интегритет, етички кодекс)** | -Објаснува морално и неморално однесување според етичките принципи.<br>- Користи примери за да ги опише особините на личностите со интегритет.<br>- Споредува морално и неморално однесување со законска регулатива. | **1**<br>Октомври | **Воведни активности:** Повторување на градивото од претходниот час. Усни одговори од страна на учениците за прашањата поставени од наставникот. Евидентирање на активноста на учениците. Временска рамка: околу 5мин.<br>**Главна активност**<br>Наставникот започнува со прашање до учениците: Како можам да разликувам морално и неморално однесување според правилата за добро и лошо? Со слични одговори одличен вовед во часот. Со различни одговори одлична можност за дискусија.Со кратка ретроспектива се доаѓа до заклучок што е морално, а што е неморално однесување.<br>Од таму се продолжува со објаснување на терминот интегритет. Како се разликува личноста со интегритет од онаа без него?- е следното прашање на кое прво учениците треба да се обидат да дадат одговор. Наставникот дава примери за личности со интегритет, а по примерот учениците ја продолжуваат низата.<br>Во овој дел од часот наставникот дава објаснување на терминит – морални норми. Заедно со учениците низ дискусија се продолжува со објаснување на моралните норми и нивната компарација со другит видови норми во општеството.<br>Објаснување на терминот Бон-Тон и зошто е важно почитување на истиот.<br>**Завршна активност**<br>Наставникот ги истакнува најважните поенти од градивото обработено за време на часот. Ги истакнува и уште еднаш објаснува новите термини и поими претходно обработени. Временска рамка: околу 5мин.<br>**Рефлексија:** Повторување на градивото од тековниот час. Усни одговори од страна на учениците за прашањата поставени од наставникот.Временска рамка: околу 5мин. | Учебник<br>Смарт уреди<br>Интернет<br>Речник | Усни одговори на прашања<br>Учество во активностите<br>Придонес во активностите<br>Извршување на поставените задачи<br>Писмени одговори во наставен лист<br>Практична изведба |

resursi.literatura.mk